**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**Национална установа –**
**Национална и универзитетска библиотека**
**„Св. Климент Охридски“ – Скопје**

Врз основа на членовите 76-д ставови (2) и (3), 76-ѓ став (2) и став (3) алинеја 3, 77-а став (2), 77-б и 77-год Законот за културата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 31/98, 49/03, 82/05, 24/07, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16 и 11/18), член 20–г од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на РепубликаМакедонија“ бр. 27/14, 199/14, 27/16 и 35/18 и 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 143/19 и 14/20), согласно Правилникот за систематизација на работните места (со арх. бр 02-354/3 од 10.09.2020 год., 04-132/5 од 21.05.2021, 04-132/6 од 02.07.2021, 04-624/1 од 24.11.2021, 04-624/3 од 06.12.2021, Правилникот за измена и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во НУ-НУБ „Св. Климент Охридски“ – Скопје бр. 02-463/1 од 16.08.2023 година, Правилникот за измена и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во НУ - НУБ „Св. Климент Охридски“ – Скопје бр. 02-463/2 од 16.08.2023 година, Правилникот за измена и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во НУ - НУБ „Св. Климент Охридски“ – Скопје бр. 02-352 /2 од 09.06.2025 година и Правилникот за измена и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во НУ - НУБ „Св. Климент Охридски“ – Скопје бр. 02-352 /2 од 09.06.2025 година и добиени известувања од Министерство за финансии со архивски број 04 – 430/1 од 21.07.2025, 04 - 435/1 од 23.07.2025, 04 - 436/1 од 23.07.2025 и 04 - 439/1 од 24.07.2025 година, а согласно Годишниот план за вработување на НУ - НУБ „Св. Климент Охридски“ –Скопје бр. 04-393/1 од 01.07.2025 година и Правилникот за формата и содржината на јавниот оглас и на пријавата за вработување, начинот на спроведување на селекцијата, начинот на спроведување на интервјуто, како и начинот на бодување во зависност од категоријата и нивото на работно место за кое е објавен јавниот оглас во Националната установа - Национална и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски” - Скопје бр. 02-617/1 од 23.11.2021 година и Одлуката за објавување на јавен оглас на директорот на НУ - НУБ „Св. Климент Охридски“ – Скопје бр. 04 - 441/1 од 24.07.2025 година, Националната установа - Национална и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски“ – Скопје објавува:

# Јавен оглас
# број 02/2025
## за вработување на неопределено работно време на 11 (единаесет) извршители :

1.Едно (1) лице на работно место – **Библиотекар во стручна обработка на сериски публикации** со шифра „КУЛ 03 04 Д03 001“

2.Едно (1) лице на работно место – **Библиотекар во стручна обработка на монографски публикации** со шифра „КУЛ 03 04 Д03 001“

3. Едно (1) лице на работно место – **Библиотекар во Централна информациска служба** со шифра „КУЛ 03 04 Д03 001“

4. Едно (1) лице на работно место – **Библиотекар во Матична дејност и развој на библиотекарството** со шифра „КУЛ 03 04 Д03 001“

5. Едно (1) лице на работно место – **Библиотекарски помошник во Зајмување на библиотечниот материјал за општиот фонд** со шифра „КУЛ 03 04 Ѓ02 001“

6. Едно (1) лице на работно место – **Библиотекарски помошник во Комплетирање и техничка обработка на библиотечен материјал** со шифра „КУЛ 03 04 Ѓ02 001“

7. Едно (1) лице на работно место – **Библиотекарски помошник во Сместување и ракување со библиотечен материјал од општиот фонд** со шифра „КУЛ 03 04 Ѓ02 001“

8. Едно (1) лице на работно место – **Работник за обезбедување** со шифра „КУЛ 04 02 А01 001“

9. Едно (1) лице на работно место – **Домаќин - економ** со шифра „КУЛ 04 01 Б02 003“

10. Две (2) лица на работно место – **Хигиеничар** со шифра „КУЛ 04 01 Б03 001“

Кандидатите треба да ги исполнуваат следните:

**<u>Општи услови за сите работни места:</u>**

- да е државјанин на Република Северна Македонија,
- да е полнолетен,
- да има општа здравствена способност за работното место и
- со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана на вршење професија, дејност или должност.

**<u>Посебни услови за работните места:</u>**

**За работното место под реден број 1:**

- најмалку 240 кредити стекнати според ЕКТС или завршен VII/1 степен, наука за книжевноста, историски науки или библиотекарство и документација;
- до една година работно искуство.

**<u>Распоред на работно време:</u>**

- Работни денови: понеделник – петок;
- Работни часови неделно: 40 часа;
- Работно време: прва смена: од 7:30/ 8:30 до 15:30 /16:30 часот;

**Нето месечна плата:** 51 358 денари.

**За работното место под реден број 2:**

- најмалку 240 кредити стекнати според ЕКТС или завршен VII/1 степен, образование, наука за книжевноста или наука за јазикот (лингвистика);
- до една година работно искуство.

**<u>Распоред на работно време:</u>**

- Работни денови: понеделник – сабота;

- Работни часови неделно: 40 часа;
- Работно време: прва смена: од 7:30/ 8:30 до 15:30 /16:30 часот.

**Нето месечна плата:** 51 358 денари

**За работното место под реден број 3:**

- најмалку 240 кредити стекнати според ЕКТС или завршен VII/1 степен, општествени науки;
- до една година работно искуство.

**<u>Распоред на работно време:</u>**

- Работни денови: понеделник – сабота;
- Работни часови неделно: 40 часа;
- Работно време: прва смена: од 7:00 до 15:00 часот, втора смена од 14 : 00 до 20 : 00 часот, сабота од 09:00 до 17:00 часот.

**Нето месечна плата:** 51 358 денари

**За работното место под реден број 4:**

- најмалку 240 кредити стекнати според ЕКТС или завршен VII/1 степен, образование, наука за книжевноста, наука за јазикот (лингвистика) или библиотекарство и документација;
- до една година работно искуство.

**<u>Распоред на работно време:</u>**

- Работни денови: понеделник – сабота;
- Работни часови неделно: 40 часа;
- Работно време: прва смена: од 7:30/8:30 до 15:30 /16:30 часот.

**Нето месечна плата:** 51 358 денари

**За работното место под реден број 5:**

- најмалку вишо образование или високо образование со стекнати најмалку 180 кредити според ЕКТС или завршено средно образование, наука за книжевноста, вишо или средно гимназиско образование;
- без работно искуство во струката.

**<u>Распоред на работно време:</u>**

- Работни денови: понеделник – петок;
- Работни часови неделно: 40 часа;
- Работно време: прва смена: од 7:00 до 15:00 часот, втора смена од 14:00 до 20:00 часот, сабота од 09:00 до 17:00 часот.

**Нето месечна плата:** 40 033 денари.

**За работното место под реден број 6:**

- најмалку вишо образование или високо образование со стекнати најмалку 180 кредити според ЕКТС или завршено средно образование, наука за јазикот (лингвистика), библиотекарство и документација, вишо или средно гимназиско образование;
- без работно искуство во струката.

**<u>Распоред на работно време:</u>**

- Работни денови: понеделник – петок;
- Работни часови неделно: 40 часа;
- Работно време: прва смена: од 7:30/ 8:30 до 15:30 /16:30 часот.

**Нето месечна плата:** 40 033 денари.

**За работното место под реден број 7:**

- најмалку вишо образование или високо образование со стекнати најмалку 180 кредити според ЕКТС или завршено средно образование, наука за книжевноста или библиотекарство и документација, вишо или средно гимназиско образование;
- без работно искуство во струката.

**<u>Распоред на работно време:</u>**

- Работни денови: понеделник – петок;
- Работни часови неделно: 40 часа;
- Работно време: прва смена: од 7:00 до 15:00 часот, втора смена од 14:00 до 20:00 часот, сабота од 09:00 до 17:00 часот.

**Нето месечна плата:** 40 033 денари.

**За работното место под реден број 8:**

- најмалку завршено средно образование;
- без работно искуство во струката.

**Други посебни услови работното место под реден број 8:**

- поседување на важечка лиценца за приватно обезбедување.

**<u>Распоред на работно време:</u>**

- Работни денови: понеделник – недела;
- Работни часови неделно: 40 часа;
- Работно време: прва смена: од 07:00 до 19:00, втора смена од 14:00 до 20:00 часот, сабота од 09:00 до 17:00 часот.

**Нето месечна плата:** 37 530 денари

**За работното место под реден број 9:**

- најмалку завршено средно образование;
- без работно искуство во струката.

**<u>Распоред на работно време:</u>**

- Работни денови: понеделник – петок;
- Работни часови неделно: 40 часа;
- Работно време: прва смена: од 7:30/ 8:30 до 15:30 /16:30 часот.

**Нето месечна плата:** 37 328 денари.

**За работното место под реден број 10:**

- најмалку завршено основно образование;
- без работно искуство во струката.

**<u>Распоред на работно време:</u>**

- Работни денови: понеделник – петок;
- Работни часови неделно: 40 часа;
- Работно време: прва смена: од 7:00 до 15:00 часот, втора смена од 14 : 00 до 20 : 00 часот, сабота од 09 : 00 до 17:00 часот.

**Нето месечна плата:** 30 199 денари.

Кандидатите за вработување се пријавуваат на јавниот оглас преку пополнување на пријава и приложување на докази за исполнување на општите и посебните услови за работно место. Пријавата за вработување кандидатите можат да ја подигнат во Националната установа Национална и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски" – Скопје или на веб страницата на Библиотеката: http://nubsk.edu.mk/

Кандидатите кон пријавата за докажување на исполнетоста на општите и посебните услови треба да ги приложат во оригинал или копија заверена на нотар следниве документи:

- Уверение за државјанство (не постаро од шест месеци);
- Лекарско уверение за општата здравствена способност за работното место (не постаро од шест месеци);
- Доказ (потврда/уверение) дека со правосилна судска пресуда не му е изречена казна забрана за вршење професија, дејност или должност (не постаро од шест месеци);
- Доказ (диплома/уверение) за завршено образование;
- Доказ за работното искуство:
- Кратка биографија;
- Кратко мотивациско писмо.

Кон пријавата кандидатот може да достави и докази за дополнителни стручни усовршувања во врска со работното место за кое се пријавува.

**Јавниот оглас трае 15 (петнаесет) дена од денот на неговото објавување на веб страната на Националната установа Национална и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски" –**

**Скопје и во дневните весници.**

Кандидатите Пријавата пополнета во целост, прецизно и со точни податоци и со потребните документи за исполнување на општите и посебните услови за работното место, ја доставуваат до архивата на Националната установа - Национална и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски“ - Скопје, секој работен ден од 8:00 до 16:00 часот или по пошта на следната адреса бул. „Гоце Делчев“ бр. 6 во затворен плик со назнака „за јавен оглас 02/2025“.

Пријавените кандидати на јавниот оглас, од страна на Комисијата за спроведување на постапка за вработување ќе бидат известени за времето и местото на одржување на секоја следна фаза од постапката за селекција:

- Фаза 1 – административна селекција;
- Фаза 2 - проверка на веродостојноста на доставените податоци и доказите доставени на јавниот оглас и интервју.

Кандидатите кон пријавата задолжително ги приложуваат потребните докази за податоците внесени во истата.

Кандидатите се должни под материјална и кривична одговорност да потврдат дека податоците во пријавата се точни, а доставените докази се верни на оригиналот.Кандидатот кој внел лажни податоци во пријавата се дисквалификува од натамошна постапка.

Право на учество имаат сите граѓани на Република Северна Македонија кои ги исполнуваат условите утврдени во јавниот оглас. Условите наведени во јавниот оглас кандидатите треба да ги исполнуваат во моментот на пријавувањето.

**Ненавремените пријави и документација нема да се разгледуваат.**

Скопје, 25.7.2025 година